D: 24.12.75

2693 Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 19 декември 1975
Скопје
Број 44 Год XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**463.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ТРУДОТ И ПО ОСНОВ НА ТРУДОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ КОИ НА ПОСЕБЕН НАЧИН ГО ЗДРУЖУВААТ ТРУДОТ СО РАБОТНИЦИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И СО РАБОТНИЦИТЕ НА РАБОТА КАЈ РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ШТО ВРШАТ ДЕЈНОСТ СО ЛИЧЕН ТРУД СО СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за правата и обврските од трудот и по основ на трудот на работните луѓе кои на посебен начин го здружуваат трудот со работниците во организацијата на здружениот труд и со работниците на работа кај работните луѓе што вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 8 декември 1975 година.

Број 06-2352
8 декември 1975 година
Скопје

| Претседател на Собранието на СРМ, | Претседател на Претседателството на СРМ, |
|---|---|
| **Благоја Талески,** с. р. | **Видое Смилевски** с. р. |

### ЗАКОН

### ЗА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ТРУДОТ И ПО ОСНОВ НА ТРУДОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ КОИ НА ПОСЕБЕН НАЧИН ГО ЗДРУЖУВААТ ТРУДОТ СО РАБОТНИЦИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И СО РАБОТНИЦИТЕ НА РАБОТА КАЈ РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ШТО ВРШАТ ДЕЈНОСТ СО ЛИЧЕН ТРУД СО СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

#### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат правата и обврските од трудот и по основ на трудот на:

— работните луѓе кои го здружиле својот труд со трудот на работниците во организацијата на здружен труд, а работат надвор од просториите на организацијата на здружен труд (работа по домови),

— работниците вработени кај работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд и средства во сопственост на граѓаните (во натамошниот текст: работодавач),

— работниците вработени кај индивидуалните земјоделски производители и работниците вработени во домаќинствата.

Член 2

Меѓусебните права и обврски на работните луѓе кои го здружиле својот труд со трудот на работниците во организацијата на здружениот труд, а работат надвор од просториите на организацијата на здружениот труд, се уредуваат со самоуправна спогодба на организацијата на здружениот труд, во согласност со Уставот, Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и овој закон, а меѓусебните права и обврски на работниците вработени кај приватните работодавачи, индивидуалните земјоделски производители и во домаќинствата и со колективен договор.

Член 3

Работниците од член 1, алинеја втора и трета на овој закон имаат право на средства за задоволување на личните и заедничките потреби и други права што ја обезбедуваат нивната материјална и социјална сигурност.

#### II. РАБОТА ПО ДОМОВИ И ДРУГ ВИД ПРОИЗВОДСТВЕНА РАБОТА

Член 4

Работните луѓе кои го здружиле својот труд со трудот на работниците од организацијата на здружен труд со цел да вршат одделни работи за потребите на организацијата на здружениот труд, а работат надвор од просториите на организацијата (работа по домови) се стекнуваат со права и обврски ако:

— со личен труд учествуваат во здружениот труд на организацијата на здружениот труд на начин и под услови утврдени со самоуправна спогодба,

— работата ја вршат надвор од просториите на организацијата на здружениот труд,

— работата ја вршат со средства за работа во сопственост на граѓаните или со средства за работа во општествена сопственост,

— произведуваат одделни финални производи, полупроизводи или дел од производот, односно вршат одделни работни операции за потребите на организацијата на здружениот труд.

Член 5

Работните луѓе што работат по домови се стекнуваат со својство на работник во здружениот труд доколку за обемот на извршената работа им е потребно најмалку половина или повеќе од половина од полното работно време.

Член 6

Организацијата на здружениот труд може да организира работа по домови ако таквата работа е предмет на нејзината дејност или е во непосредна врска со нејзината дејност.

Член 7

Работниците во организацијата на здружениот труд со самоуправната спогодба особено ги уредуваат:

— видот и количеството на работите за чие вршење може да се организира работа по домови,

— бројот на работниците,
— начинот на организирање и квалитетот на вршењето на работите.

Член 8

Работниците во организацијата на здружениот труд не можат да организираат работа по домови за вршење на работи кои се опасни по животот или се штетни по здравјето на работниците и другите лица од нивната околина.

Член 9

Работниците во организацијата на здружениот труд заедно со работните луѓе што вршат работа по домови за организацијата на здружениот труд, меѓусебните права и обврски ги уредуваат со самоуправна спогодба.

Самоуправната спогодба особено содржи одредби за:

— видот, количеството и квалитетот на работите што треба да ги изврши секој одделен работник,
— времето на извршувањето на работите (месечно или дневно итн.),
— обврската на организацијата на здружениот труд за снабдување со суровини, преземање или складирање на производите и сл.,
— начинот на престанок својството на работник,
— основите и мерилата за распределба на доходот, средствата за лични доходи, како и за остварување на другите права од меѓусебните односи.

Член 10

На работните луѓе што вршат работа по домови, може да им престане својството на работник во здружениот труд ако не ги извршуваат обврските утврдени во самоуправната спогодба од претходниот член.

Член 11

Организацијата на здружениот труд е должна да води посебна евиденција за бројот на работните луѓе ангажирани по домови како и за висината на остварениот доход по овој основ.

## III. РАБОТА КАЈ ПРИВАТЕН РАБОТОДАВАЧ, ИНДИВИДУАЛЕН ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛ И ДОМАЌИНСТВО

### 1. Колективен договор

Член 12

Со колективниот договор, а во согласност со овој закон, поблиску се уредуваат правата и обврските на работникот и работодавачот, како и условите за работа.

Член 13

Колективниот договор го склучуваат соодветната синдикална организација и Стопанската комора на Македонија, односно друго здружение во кое се претставени работните луѓе што вршат дејност со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните, а за работниците вработени во домаќинствата и самоуправната интересна заедница за вработување.

Колективниот договор се склучува на неодредено време, и е задолжителен за работниците и работодавачите.

Колективниот договор се склучува за подрачјето на општината.

Член 14

Со колективниот договор на работниците им се обезбедува, согласно со правата на работниците во здружениот труд, право на средства за задоволување на личните и заедничките потреби и други права што ја обезбедуваат нивната материјална и социјална сигурност.

Член 15

Колективниот договор особено содржи одредби за:

— начинот и условите за примање на работа,
— распоредот на работното време,
— личниот доход, надоместокот на личниот доход и други примања,
— должината на дневниот, неделниот и годишниот одмор како и отсуствата од работа,
— условите и начинот на користење на средствата за заеднички потреби,
— заштитата при работа и посебната заштита на жени, младинци и инвалиди,
— условите и начинот за престанок на работата,
— должината на отказниот рок,
— постапката за изменување и дополнување на колективниот договор,
— начинот на решавање на спорови, и
— денот на влегувањето во сила на колективниот договор.

Член 16

Колективниот договор се објавува во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Склучените колективни договори се доставуваат за евиденција на општинскиот орган надлежен за работите на трудот.

### 2. Договор за вработување

Член 17

Работодавачот, индивидуалниот земјоделски производител и домаќинството склучуваат со работникот писмен договор за вработување кој особено ги содржи:

— начинот и условите за примање на работа,
— видот на работата што работникот ќе ја врши,
— распоредот на работното време, одмор и отсуства од работа,
— висината, начинот на пресметување и рокот за исплата на личниот доход, надоместокот на личниот доход и други примања,
— условите за заштита при работата,
— должината на отказниот рок.

Договорот за вработување кај индивидуалните земјоделски производители и домаќинства може да го содржи и времето за кое работникот се прима на работа.

Член 18

Договорот за вработување се склучува пред стапувањето на работникот на работа.

Договорот се смета за склучен кога ќе биде потпишан од двете договорни страни.

Договорот за вработување му се доставува за евиденција на општинскиот орган надлежен за работите на трудот.

Член 19

Работникот, во смисла на овој закон, се здобива со право и обврска по основ на трудот ако во рок од три дена од склучувањето на договорот за вработување стапи на работа кај работодавачот, индивидуалниот земјоделски производител или домаќинството, доколку со договорот не е одреден друг рок.

Ако работникот без оправдани причини не стапи на работа во определен рок, се смета дека договорот не бил склучен.

Член 20

Работодавачот, индивидуалниот земјоделски производител или домаќинството може да се откаже од склучениот договор за вработување само во случај на виша сила (пожар, поплави, земјотреси и сл.) или болест која трае повеќе од 2 месеци.

Член 21

За работниците вработени во домаќинствата и кај индивидуалните земјоделски производители, личниот доход може делумно да се исплатува и во натура (обезбедување на стан, храна, и сл.), со тоа што исплатата во натура не може да изнесува повеќе од 50% од договорениот личен доход.

Член 22

Договорот за вработување не може да се склучи меѓу членови на потесно семејство за работа во домаќинството, односно за работа кај индивидуален земјоделски производител.

Член 23

Како работник во смисла на одредбите на овој закон не се смета лице кое по посебен правен основ (договор за издржување или други слични договори од имотното и семејното право) живее и работи во индивидуално земјоделско или друго домаќинство, како и лице наполно неспособно или само делумно способно за вршење на својата работа, а кое домаќинството го примило на чување или старателство.

Член 24

Раскинувањето на договорот за вработување се врши во писмена форма и содржи: податоци за работодавачот, индивидуалниот земјоделски производител односно домаќинството, податоци за работникот, работата што работникот ја вршел, признатиот работен стаж на работникот, почетокот и траењето на отказниот рок, правото на работникот да отсуствува од работа за барање на ново вработување, денот на престанокот на работата, причините поради кои му престанува работата, начинот на регулирање на други прашања во врска со престанувањето на работата, како и потписи на работникот односно работодавачот, индивидуалниот земјоделски производител, односно лице од домаќинството.

Раскинувањето на договорот за престанокот на работата на работникот му се врачува лично или препорачано преку пошта.

Член 25

Договорот за вработување не може да биде во спротивност со колективниот договор, Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и овој закон.

Член 26

Работодавачот, индивидуалниот земјоделски производител односно домаќинството се должни да водат евиденција за вработените работници, за работното време, исплатата на личните доходи, одморите и отсуствата од работа.

Член 27

Надзор над примената на овој закон врши општинскиот орган надлежен за работите на трудот.

## IV. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Со парична казна од 10.000 до 100.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата на здружениот труд ако работниците со самоуправна спогодба благовремено не ги уредат правата и обврските според одредбите на член 7 и 9 од овој закон или ги уредат спротивно на одредбите на член 4 и 6 од овој закон.

Со парична казна до 5.000 динари за прекршок од став 1 на овој член, ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружениот труд.

Член 29

Со парична казна од 5.000 до 50.000 дин. ќе се казни за прекршок организацијата на здружениот труд ако не води евиденција за бројот на работните луѓе ангажирани по домови како и за висината на остварениот доход (член 11).

Член 30

Со парична казна од 500 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок работодавачот, индивидуалниот земјоделски производител и домаќинството ако:

— прими на работа работник со кого не склучил писмен договор за вработување,

— договорот за вработување не го достави до општинскиот орган надлежен за работите на трудот,

— склучи договор спротивно на одредбите на колективниот договор,

— врши исплата на личен доход на работникот спротивно на одредбите на колективниот договор односно договорот за вработување.

Со парична казна од 100 до 1.000 динари ќе се казни за прекршок работодавачот, индивидуалниот земјоделски производител и домаќинството ако не водат евиденција за вработените согласно член 26 од овој закон.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Работниците во организациите на здружениот труд своите самоуправни општи акти се должни да ги усогласат според одредбите на овој закон во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 32

Колективниот договор од член 15 на овој закон потписниците ќе го склучат во рок од 6 месеци по влегувањето во сила на овој закон.

Член 33

Постојните договори за вработување меѓу работодавачите, индивидуалниот земјоделски производител и домаќинството и работниците ќе се усогласат со одредбите на колективниот договор во рок од 30 дена од денот на склучувањето на колективниот договор.

Член 34

Се овластува републичкиот секретар за труд да пропише образец на договорите за вработување.

Член 35

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат:

1. Законот за работните односи на домашните помошнички („Службен весник на СРМ", бр. 14/59, 39/63 и 16/65).

2. Правилникот за распоредување на домашните помошнички по категории („Службен весник на СРМ", бр. 18/59).

3. Законот за работните односи на земјоделските работници кај приватните работодатели („Службен весник на СРМ", бр. 5/60, 39/63 и 16/65).

4. Упатството за образецот на договорот за работа („Службен весник на СРМ", бр. 31/61).

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**464.**

Врз основа на член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за филмот („Службен весник на СРМ“ бр. 40/75), Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ на 19-тата седница одржана на 4. декември 1975 година го утврди пречистениот текст на Законот за филмот.

Пречистениот текст на Законот за филмот ги опфаќа Законот за филмот („Службен весник на СРМ“ бр. 18/73), Законот за изменување и дополнување на Законот за филмот („Службен весник на СРМ“, бр. 40/75), во кои е означено времето на нивното влегување во сила.

Број 10-140
4 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Законодавно-правната комисија,
**Димче Козаров**, с. р.

# ЗАКОН ЗА ФИЛМОТ
**(Пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се регулираат: положбата на домашниот филм, условите за производство, промет и прикажување на филмови и чувањето на филмови и филмски материјал.

Член 2

Филмовите со посебно уметничко, културно, научно, историско и друго општествено значење имаат посебен третман и уживаат општествена заштита.

Член 3

Производството, прометот, прикажувањето и чувањето на филмови и филмски материјал се дејности од посебен општествен интерес.

Член 4

Републиката учествува во обезбедувањето на услови за унапредување производството на домашниот филм и за подобрување на условите за прикажување на филмови.

Општините го помагаат производството на домашниот филм и подобрувањето на условите за прикажување на филмови.

Член 5

Како работи од посебен општествен интерес во областа на филмот се сметаат:

— донесување на статут, односно склучување на самоуправна спогодба за здружување;

— донесување на програма за производство на филмови;

— одлучување за ставање во промет на произведени филмови;

— донесување на програма за промет на филмови;

— донесување на програма за прикажување на филмови;

— донесување на програма за чување на филмови и филмски материјал;

— утврдување на основните услови за стекнување на доход и за работење на организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство на филмови и со чување на филмови и филмски материјал;

— донесување на финансиски план и одобрување на завршната сметка на организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство на филмови и со чување на филмови и филмски материјал;

— претресување на општи прашања од работата и резултатите на организациите на здружениот труд во областа на филмот;

— именување и разрешување на индивидуален работоводен орган, односно давање на мислење за именување и разрешување на индивидуален работоводен орган на организација на здружениот труд во областа на филмот основана од Републиката.

Член 6

Заради остварување на општествениот интерес во областа на филмот, во управувањето со организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство, промет, прикажување и чување на филмови и филмски материјал, во одлучувањето по работите од посебен општествен интерес, учествуваат и претставници на заинтересираните организации на здружениот труд и на други самоуправни организации и заедници, на општината односно Републиката и на општествено-политичките организации (претставници на општествената заедница).

Член 7

Со статутот на организацијата на здружениот труд во областа на филмот се определуваат заинтересираните организации на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници и општествено-политичките организации, како и бројот на нивните претставници што ќе учествуваат во управувањето односно во одлучувањето по работите од посебен општествен интерес.

Собранието на општината го определува бројот на претставниците што ќе учествуваат во управувањето односно во одлучувањето по работите од посебен општествен интерес во организацијата на здружениот труд во областа на филмот.

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија именува тројца претставници што ќе учествуваат во управувањето односно во одлучувањето по работите од посебен општествен интерес во организацијата на здружениот труд во областа на филмот што е основана од Републиката.

Одлука за работите од член 5 може да се донесе ако за неа гласале повеќе од половината од вкупниот број на претставниците на општествената заедница.

Член 8

Собранието на општината дава согласност на одредбите на статутот односно на самоуправната спогодба за здружување на организацијата на здружениот труд во областа на филмот кои се однесуваат на работите од посебен општествен интерес и за учеството на претставниците на општествената заедница во одлучувањето по тие работи.

Согласност од став 1 на овој член за организација на здружен труд во областа на филмот, основана од Републиката, дава Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 9

Индивидулен работоводен орган на организација на здружен труд во областа на филмот се именува од редот на културните и другите општествени работници.

Индивидуалниот работоводен орган на организација на здружен труд што се занимава со производство на филмови и со чување на филмови и филмски материјал основана од Републиката го именува и разрешува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по претходно прибавено мислење од организацијата на здружениот труд.

Член 10

Надзор над законитоста на работата на организацијата на здружениот труд во областа на филмот основана од Републиката врши Републичкиот секретаријат за култура.

Член 11

Јавно можат да се прикажуваат увезени филмови за кои е дадено одобрение за јавно прикажување.

Домашниот филм може јавно да се прикажува ако за него е донесена одлука за ставање во промет.

Член 12

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија односно органот што тој ќе го одреди, синдикатот на работниците од општествените дејности на Македонија, Републичката заедница на културата, организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство, промет и прикажување на филмови односно нивните асоцијации, Кинотеката на Социјалистичка Република Македонија, Радио-телевизија — Скопје и Здружението на филмските работници на СР Македонија склучуваат општествен договор за прашања од интерес за развојот и унапредувањето на филмската дејност, увозот на странски филмови, условите и начинот на прикажување на домашни и странски филмови како и други прашања од заеднички и општ интерес.

## II. ДОМАШЕН ФИЛМ

Член 13

Како домашен филм се смета филм произведен од еден или повеќе домашни производители со најмалку еден домашен автор и со поголем број домашни филмски работници.

Член 14

Домашен филм се смета и филм произведен од домашен производител во соработка со странски производител под следните услови:

— ако во производството на филмот рамноправно учествувале домашни автори и филмски работници,

— ако филмот е изработен на еден од јазиците на народите или народностите на Југославија и

— ако домашниот производител учествувал во финансирањето со најмалку една третина од чинењето на филмот.

Член 15

Како домашен филм се смета и филм произведен од домашен производител во соработка со производител од земја со која постои билатерална спогодба за соработка во областа на филмот, доколку ги исполнува условите предвидени со таа спогодба.

Член 16

Во спорни случаи Републичкиот секретаријат за култура, по барање од домашниот производител на филмот, утврдува дали тој филм се смета за домашен во смисла на овој закон.

## III. ПРОИЗВОДСТВО НА ФИЛМОВИ

Член 17

Со производство на филмови можат да се занимаваат организации на здружениот труд регистрирани за вршење на таа дејност.

Со производство на филмови можат да се занимаваат и работни заедници на самостојни филмски работници доколку ги исполнуваат условите предвидени со овој закон.

Член 18

Организациите на здружениот труд и работните заедници на самостојните филмски работници (производители на филмови) можат да се занимаваат со производство на филмови доколку ги исполнуваат следните услови:

— да имаат програма за производство на филмови,

— да имаат обезбедени средства за остварување на програмата,

— да имаат обезбедено филмски работници за реализација на филмските проекти предвидени со програмата.

Републичкиот секретаријат за култура оценува дали се исполнети условите од претходниот став.

Член 19

Филмски работници во смисла на овој закон се сметаат работниците кои професионално односно стручно се занимаваат со: пишување на сценарија, режија на филм, компонирање на музика за филм, снимање на слика и снимање на тон, сценографија, костимографија, правење маски, филмска глума, монтажа на слика, монтажа на тон, организација на филмско производство и работа на цртан и кукла филм.

Својството филмски рботник во смисла на претходниот став го утврдува Здружението на филмските работници на СР Македонија.

Член 20

Работна заедница на самостојни филмски работници можат да основаат филмски работници кои својот труд и своите средства ги здружуваат за производство на филмови и кои самостојно ја вршат својата професионална дејност како единствено или главно занимање.

Работна заедница на самостојни филмски работници може да се основе за производство на еден или повеќе филмови.

Работната заедница на самостојните филмски работници може да ги здружи своите средства и работа со организација на здружен труд за производство на филмови.

Член 21

Работна заедница на самостојни филмски работници се основа со договор во писмена форма со кој особено се определува:

— дејноста и програмата за работа на работната заедница,

— правата и обврските на членовите на работната заедница,

— начинот на остварување на самоуправните права на самостојните филмски работници,

— начинот на формирање и распределба на вкупниот доход,

— овластеното лице што ќе ја застапува работната заедница и

— престанокот на важноста на договорот.

Член 22

Филмските работници здружени во работна заедница на самостојни филмски работници ги остваруваат своите самоуправни права со непосредно учество во одлучувањето или преку органите на работната заедница определени со договорот.

Член 23

Работната заедница на самостојни филмски работници има својство на правно лице.

Член 24

Работната заедница на самостојни филмски работници престанува:

— кога ќе ја реализира програмата заради која е основана,

— кога ќе се раскине договорот со кој е основана и

— во други случаи предвидени со договорот или со други прописи.

Член 25

Работната заедница на самостојни филмски работници може да користи дел од општествените средства наменети за помагање производството на филмови откако филмот што го произвела е ставен во промет.

## IV. ВНЕСУВАЊЕ И ПРОМЕТ НА ФИЛМОВИ

Член 26

Со внесување односно со увоз и промет на филмови можат да се занимаваат организации на здружениот труд регистрирани за вршење на таа дејност.

Член 27

Домашен филм може да се изнесе односно извезе само ако за него е донесена одлука за ставање во промет.

## V. ПРИКАЖУВАЊЕ НА ФИЛМОВИ

Член 28

Со јавно прикажување на филмови можат да се занимаваат организации на здружен труд регистрирани за вршење на таа дејност.

Јавно прикажување на филмови се смета и прикажувањето на филмови на телевизија.

Член 29

Организациите на здружен труд можат јавно да прикажуваат филмови ако објектите во кои се прикажуваат филмовите исполнуваат определени градежни, кинотехнички и хигиено-технички услови и стандарди со кои се обезбедува квалитетна проекција на филмот.

Општинскиот орган на управата, надлежен за работите на културата, оценува дали се исполнети условите од претходниот став.

Ако организацијата на здружениот труд не ги исполнува условите за прикажување на филмови, органот од претходниот став ќе го забрани прикажувањето на филмови до исполнувањето на определените услови.

Член 30

Одлука за ставање во промет на домашен филм произведен од организација на здружен труд донесува органот на управувањето на организацијата.

Одлука за ставање во промет на домашен филм произведен од работна заедница на самостојни филмски работници донесува работната заедница во согласност со Комисијата од член 31, став 2.

Член 31

Увезен филм и филм произведен во соработка со странски производител кој не се смета за домашен филм може јавно да се прикажува ако е издадено одобрение за јавно прикажување.

Одобрението од претходниот став го издава Републичката комисија за преглед на филмови во состав на Републичкиот секретаријат за култура (Републичка комисија).

За одбивање на барањето за издавање одобрение за јавно прикажување на увезен филм Комисијата ги известува соодветните органи на другите социјалистички републики и социјалистички автономни покраини.

Член 32

Републичката комисија:

— врши преглед и дава одобрение за јавно прикажување на увезените филмови и на филмовите произведени во соработка со странски производители кои не се сметаат за домашни филмови,

— одлучува за ограничување прикажувањето на филмовите од претходниот став за лица помлади од 16 години,

— одлучува кои филмови имаат посебно уметничко, културно, научно, историско и друго општествено значење,

— донесува деловник за својата работа.

Член 33

Комисијата има претседател и најмалку 14 членови.

Претседателот и членовите на Комисијата се именуваат од редот на културните и други општествени работници.

Претседателот и членовите на Комисијата се именуваат на 4 години.

Член 34

За јавно прикажување на филмови Комисијата од член 32 на овој закон донесува одлука.

Против одлуката на Комисијата со која не се одобрува јавно прикажување на определен филм може да се поднесе жалба.

Жалбата од претходниот став се поднесува до републичкиот секретар за култура, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Член 35

Не можат да бидат јавно прикажувани филмови чија содржина е насочена кон:

— уривање на основите на социјалистичкото самоуправно општествено уредување на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

— загрозување на независноста на земјата;

— кршење на слободите и правата на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот;

— загрозување на мирот и рамноправната меѓународна соработка;

— пропагирање или поддржување агресија или друг акт против човечноста;

— разгорување на национална, расна и верска омраза или нетрпеливост;

— навредување честа и угледот на народите и народностите на Југославија, на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, претседателот на Републиката, Претседателството на СФРЈ, претседателствата и собранијата на социјалистичките републики и на социјалистичките автономни покраини;

— поттикнување вршење на кривични дела;

— навредување на јавниот морал и штетно влијание врз воспитувањето на децата и младината.

Член 36

Филмовите за кои е донесена одлука за ставање во промет, односно одобрение за јавно прикажување во другите социјалистички републики и социјалистички автономни покраини можат да се прикажуваат и на територијата на Социјалистичка Република Македонија.

Член 37

На територијата на Социјалистичка Република Македонија јавно се прикажуваат само филмови титлувани односно синхронизирани на македонски јазик.

Во местата во кои живеат народности можат јавно да се прикажуваат и филмови титлувани односно синхронизирани и на јазиците на народностите што живеат во Социјалистичка Република Македонија.

## VI. ЧУВАЊЕ НА ФИЛМОВИ И ФИЛМСКИ МАТЕРИЈАЛ

Член 38

Имателите на филмови и филмски материјал се должни да го обезбедат нивното трајно чување и одржување.

Член 39

Филмовите и филмскиот материјал од посебно уметничко, културно, научно, историско и друго општествено значење се чуваат во Кинотеката на Социјалистичка Република Македонија (Кинотека).

Член 40

Производителите на филмови се должни веднаш по произведувањето на филмот да и достават на Кинотеката бесплатно најдобра копија.

Организациите на здружениот труд за промет на филмови се должни да и предадат на Кинотеката бесплатно најдобра копија од секој увезен филм веднаш по истекот на лиценцата на филмот, освен ако со договорот за набавка на филмот предавањето на копија не е предвидено.

Имателите на филмови од посебно историско, уметничко, културно и научно значење се должни, по барање од Кинотеката, да доставаат податоци за филмовите и за мерките преземени за нивното чување, како и да и дозволат да изврши копирање на соодветен филм, со договорен надоместок.

## VII. СНИМАЊЕ НА ФИЛМОВИ ОД СТРАНСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

Член 41

Странски производител може да снима филмови и екстериери на територијата на Социјалистичка Република Македонија само врз основа на посебно одобрение.

Одобрението од претходниот став го издава Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, врз основа на писмено барање од странскиот производител на филмот.

Решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрението за снимање на филм односно екстериери не мора да биде образложено.

Член 42

Барањето за издавање на одобрение за снимање на филм односно екстериер мора да содржи податоци за местото и времето на сминањето на филмот односно екстериерот.

Кон барањето од претходниот став мора да се приложи сценариото за филмот, во кое се означени деловите на текстот според кои ќе се снима филмот односно екстериерот.

Член 43

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи може да го одземе одобрението од член 41 и да го забрани натамошното снимање на филмот односно екстериерот, ако странскиот производител не се придржува за издаденото одобрение.

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи може да го одземе или уништи филмскиот материјал снимен без одобрение или спротивно на издаденото одобрение.

## VIII ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 44

Организацијата на здружениот труд или друга организација односно орган што внеле во Социјалистичка Република Македонија странски филм и производителот на странски филм произведен во Социјалистичка Република Македонија се должни, веднаш по внесувањето на филмот односно по завршувањето на филмот, да го известат за тоа Републичкиот секретаријат за култура и да наведат основни податоци за филмот и за неговата содржина.

Организацијата, органот, односно производителот на странски филм од став 1 на овој член се должни по барање на Републичкиот секретаријат за клутура да му достават копија од филмот на увид.

Член 45

Републичкиот секретаријат за култура донесува решение за одземање на копии на странски филм без надоместок ако ги внеле во Социјалистичка Република Македонија организација на здружен труд, друго правно лице, орган или поединец спротивно на одредбите на овој закон односно ако странскиот филм се внесе во Социјалистичка Република Македонија, ако се пушти во промет или ако јавно се прикаже — иако е тоа забрането со решение.

Член 46

Републичкиот секретаријат за култура донесува решение за забрана на внесување односно за забрана на промет и јавно прикажување на филм со кој се врши некое од дејствијата од член 35 на овој закон.

## IX. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Со парична казна од 30.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок производител кој ќе сними филм, а не е регистриран за производство на филмови (член 17).

За прекршок од претходниот став ќе се казни и одговорното лице со казна од 3.000 до 5.000 динари.

Член 48

Со парична казна од 30.000 до 40.000 динари ќе се казни за прекршок правно лице кое ќе увезе филм, а не е регистрирано за вршење на таа дејност (член 26).

За прекршок од претходниот став ќе се казни и одговорното лице со парична казна од 3.000 до 4.000 динари.

Член 49

Со парична казна од 10.000 до 30.000 динари ќе се казни за прекршок правно лице што јавно ќе прикаже филм, а не ги исполнува условите од член 29 на овој закон.

За прекршок од претходниот став ќе се казни и одговорното лице со казна од 1.000 до 3.000 динари.

Член 50

Со парична казна од 15.000 до 40.000 динари ќе се казни за прекршок правно лице кое јавно прикажува филм за кој не е донесена одлука, односно издадено одобрение (член 30 и 31).

За прекршок од претходниот став ќе се казни и одговорното лице со парична казна од 3.000 до 4.000 динари.

Член 51

Со парична казна од 5.000 до 15.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго правно лице кое ќе прикаже филм што не е титлуван на македонски јазик.

За прекршок од претходниот став ќе се казни и одговорното лице со парична казна од 500 до 1.500 динари.

Член 52

Со парична казна од 5.000 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок производител на домашен филм или увозник на странски филм ако копие од филмот не и предаде на Кинотеката (член 40).

За прекршок од претходниот став ќе се казни и одговорното лице со парична казна од 500 до 1.000 динари.

Член 53

За прекршоците од став 1 на членовите 47, 48, 49, 50 и 51, покрај казната за прекршок, може да се изрече и заштитна мерка одземање на имотната корист.

### X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 54

Одредбата од член 37 став 1 на овој закон ќе се применува од 1 јануари 1977 година.

Член 55

Организациите што се занимаваат со производство, промет и прикажување на филмови, се должни својата работа да ја усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци по невото влегување во сила.

**465.**

Врз основа на член 334, алинеја 10 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 8 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ДЕЛОКРУГОТ НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Стручните служби на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Служби на Собранието) се во функција на Собранието и на неговата делегатска основа и вршат стручни и други работи за потребите на Собранието, неговите собори и нивните работни тела и на делегатите во соборите на Собранието.

Службите на Собранието вршат стручни работи и за потребите на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации и на собранијата на самоуправните интересни заедници, кога тие ги остваруваат своите права во Собранието, согласно со одредбите на Деловникот на Собранието и деловниците на соборите.

Член 2

Службите на Собранието, сходно задачите и функциите на Собранието, неговите собори, нивните работни тела и делегатската основа, ги вршат задачите и работите што се однесуваат на:

— подготвување и организирање на седниците на соборите на Собранието, на заедничките седници на сите собори на Собранието и на седниците на работните тела на Собранието и на соборите,

— обезбедување и подготвување на документациони и други материјали и податоци за делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации, за собранијата на самоуправните интересни заедници и за делегатите во соборите на Собранието,

— обезбедување и давање стручни мислења во врска со работата на делегациите, делегатите, Собранието, соборите и нивните работни тела,

— подготвување предлози на програми за работа на соборите и на работните тела и следење на извршувањето на тие програми,

— обезбедување на подготвување нацрти и предлози на акти и други стручни материјали по барање на собор, работно тело и одделни делегати,

— обезбедување на единство во стручен и методолошки поглед во постапката за донесување на закони и други прописи и општи акти,

— информирање на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации и на собранијата на самоуправните интересни заедници, на делегатите во соборите и на поширокaта јавност за работата на Собранието, соборите и нивните работни тела,

— остварување соработка со специјализирани институции во земјата и следење на сите извори на информации за поуспешно извршување на своите задачи,

— следење на предлозите и иницијативите на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации, на организациите на здружениот труд и нивните асоцијации, на самоуправните интересни заедници и на другите органи и организации,

— следење на извршувањето на заклучоците на Собранието, соборите и на нивните работни тела,

— обезбедување на услови за работа на делегатите во вршењето на нивната функција во Собранието,

— други работи што ќе им ги довери Собранието, соборите и нивните работни тела и што произлегуваат од основната програма за работа на Собранието и од програмите за работа на соборите.

Член 3

Службите на Собранието функционираат како единствена служба.

Член 4

Во согласност со карактерот на работите и задачите што се вршат за потребите на Собранието, на собирите и на работните тела, службите на Собранието се организираат како служби на соборите и служби за работи од заеднички интерес на Собранието, соборите и делегатите.

Во вршењето на своите задачи и работи службите од претходниот став меѓусебно соработуваат и во таа цел разменуваат документациони материјали, податоци и обавестувања со кои располагаат.

Член 5

Со Службите на Собранието раководи секретарот на Собранието во согласност со Деловникот на Собранието и со одредбите на оваа одлука.

За својата работа и за работата на Службите на Собранието секретарот му одговара на Собранието.

Секретарот го известува Собранието за работата на Службите на Собранието по своја иницијатива, по барање на Собранието, на собор односно на Претседателството на Собранието.

Член 6

Во извршувањето на своите задачи и работи, одделни служби, според природата и карактерот на нивната работа, соработуваат со соодветните служби на другите државни органи и на општествено-политичките организации во Републиката, со стручните, научните и други организации и со стручните служби на Собранието на СФРЈ и на собранијата на социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини.

Член 7

Работните луѓе во Службите на Собранието го остваруваат самоуправувањето и ги уредуваат меѓусебните односи во согласност со општите прописи за самоуправувањето и за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и со одредбите на оваа одлука.

### II. НАЧЕЛА ЗА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЛУЖБИТЕ

Член 8

Внатрешната организација на Службите на Собранието се утврдува во согласност со карактерот и природата на работите што ги вршат Службите.

Член 9

Стручните работници на Службите на Собранието се организираат во посебни групи за прашања на одделни области, заради обезбедување на

заедничко обавување на определени работи за потребите на Собранието, соборите и нивните работни тела.

Советот на работната заедница на Службите на Собранието, во согласност со Претседателството на Собранието, ги образува групите од претходниот став и го определува нивниот состав и делокруг.

Одделни работи и задачи работниците во Службите на Собранието вршат поединечно.

Член 10

За вршење на одредени работи и повремени задачи, можат да се образуваат повремени стручни и други работни групи.

Групите од претходниот став ги образува секретарот на Соборот, во рамките на службата на соборот, односно секретарот на Собранието, во рамките на службите на Собранието, во договор со секретарите на соборите.

Член 11

Во групите од членовите 9 и 10 на оваа одлука можат да се вклучуваат и други научни и стручни работници.

Член 12

Заради обезбедување на соработка и координација во вршењето на работите и задачите за потребите на делегатите, на Собранието, на соборите и на нивните работни тела, како и за давање мислења и предлози на секретарот на Собранието, во Службите на Собранието се образува Колегиум.

Колегиумот особено ги разгледува прашањата што се однесуваат на: организирање, усогласување и унапредување на работата на Службите на Собранието, како и нивното единствено функционирање во извршувањето на задачите и работите за потребите на делегатите, на Собранието, на соборите и на нивните работни тела, подготвување на програмите и плановите за работа на Собранието, соборите и на нивните работни тела.

Колегиумот разгледува и други прашања од интерес за извршување на работите и задачите за потребите на делегатите на Собранието, на соборите и на нивните работни тела.

Колегиумот го сочинуваат: секретарот на Собранието, неговиот заменик, секретарите на соборите и раководителите на групите од член 9 на оваа одлука.

Во работата на Колегиумот учествуваат: помошникот на секретарот на Собранието, секретарот на Службата за информации и секретарот на Кабинетот на претседателот на Собранието.

Во работата на Колегиумот учествуваат и секретарите на другите служби кога на состанокот се разгледуваат прашања од нивниот делокруг.

На состанокот на Колегиумот секретарот може да повикува и други работници на Службите на Собранието кога се разгледуваат материјали во чија изработка тие учествувале или заради давање мислења или известувања за одделни прашања што ги разгледува Колегиумот.

Колегиумот го свикува и со неговата работа раководи секретарот на Собранието.

На состаноците на Колегиумот се остварува договор за одделни прашања што се претресуваат и се утврдуваат заеднички обврски и задачи.

Член 13

Секретарите и другите раководители на Службите на Собранието за својата работа и за работата на службата со која раководат му одговараат на секретарот на Собранието, ако со оваа одлука поинаку не е одредено.

Член 14

Секретарот на Кабинетот на претседателот на Собранието и советниците на Собранието ги именува претседателот на Собранието врз основа на заклучок на Претседателството на Собранието.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА

Член 15

Во Службите на Собранието постојат следните служби:

а) служби на соборите:
1) Служба на Соборот на здружениот труд,
2) Служба на Соборот на општините,
3) Служба на Општествено-политичкиот собор.
б) Кабинет на претседателот на Собранието;
в) Биро на секретарот на Собранието;
г) служби за работи од заеднички интерес:
1) Служба за информации,
2) Служба за документација и библиотека,
3) Служба за соработка со Собранието на СФРЈ, и
4) Служба за општи работи.

Работите за потребите на постојаните работни тела на Собранието ги вршат служби, односно одделни стручни работници.

Член 16

За вршење на определени работи за потребите на Собранието, од редот на истакнати стручни, научни и јавни работници, можат да се именуваат советници, самостојни советници и виши советници на Собранието (советници на Собранието).

Советниците на Собранието вршат работи во одделни области за потребите на Собранието што ќе им ги определи претседателот на Собранието, а особено: ги следат и проучуваат прашањата од соодветната област, подготвуваат или учествуваат во подготвувањето на елаборати, анализи, нацрти и предлози на закони и други акти на Собранието.

Советниците на Собранието можат да вршат стручни работи за одделен собор или за определени постојани работни тела на Собранието или за одделна служба во Службите на Собранието.

Советниците на Собранието можат да раководат со одделни групи од член 9 на оваа одлука.

На должност советник на Собранието можат да се именуваат истакнати научни и стручни работници кои се на постојана работа во организациите на здружениот труд, во стручните, научните, општествено-политичките и во други организации и институции.

Според степенот на ангажираноста на советниците од претходниот став, во договор со организацијата односно институцијата, Собранието може да рефундира соодветен износ на личниот доход.

Член 17

Службата на соборот, ако поинаку не е определено со оваа одлука и со програмата за работа, по правило, ги врши работите од член 2 на оваа одлука, а особено: стручни и други работи за потребите на соборот, како и за потребите на претседателот на соборот во вршењето на неговата функција, подготвување и организирање на седниците на соборот и работните тела на соборот, обезбедување и давање стручни мислења во врска со работата на соборот и работните тела на соборот, подготвување програми и планови за работа на соборот и на неговите работни тела и следење на нивното извршување, обезбедување и подготвување на документациони и други материјали и податоци, како и следење и извршување на заклучоците на соборот и на работните тела и подготвување на предлози на акти и стручни материјали по барање на соборот, неговите работни тела и на делегатите.

Службата на соборот врши работи за потребите на делегатите во вршењето на нивната функција. Службата на соборот врши и други работи што ќе ги довери соборот односно претседателот на соборот.

Во вршењето на своите задачи и работи, службата на соборот соработува со другите служби на Собранието.

Заради подготвување на елаборати, стручни мислења и други материјали потребни за работата на соборот, неговите работни тела и за делегатите, службата на соборот соработува и со соодветни стручни, научни и други органи и организации.

Во вршењето на работите што се однесуваат на организирање и подготвување на седниците на соборот и неговите работни тела, службата на соборот врши стручна обработка на предлозите и материјалите упатени до соборот или до неговото работно тело и дава, односно обезбедува стручно мислење во склад со делокругот на соборот односно неговото работно тело.

Службата на соборот го следи претресот на нацртите и предлозите на актите и другите материјали, како и на предлозите и иницијативите на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации, на работните луѓе и на граѓаните и овластен работник на службата на соборот обезбедува и на работните тела на Соборот им дава стручни објаснувања и мислења.

Со службата на соборот раководи секретар на соборот и непосредно ја организира работата на службата на соборот.

За работата на службата на соборот и за својата работа секретарот на соборот му одговара на соборот.

Секретарот на соборот е должен да постапува според упатствата на претседателот на соборот во извршувањето на задачите и работите за потребите на соборот и неговите работни тела, а во поглед на функционирањето на службата на соборот, постапува и според упатствата на секретарот на Собранието.

Во службата на соборот можат да се назначуваат советници, стручни соработници и други работници.

Член 18

Работните тела на соборите имаат секретар.

Секретарите на работните тела на соборот ги определува секретарот на соборот од редот на советниците и другите стручни работници во службата на соборот, по претходен договор со претседателот на работното тело.

Еден стручен работник во службата на соборот може да биде определен за секретар на две или повеќе работни тела на соборот.

Член 19

Кабинетот на претседателот на Собранието врши работи за потребите на претседателот на Собранието и на потпретседателите на Собранието во вршењето на нивните функции.

Начинот на работењето на Кабинетот на претседателот на Собранието го утврдува претседателот на Собранието со правилник.

Со Кабинетот на претседателот на Собранието раководи секретар на Кабинетот.

Секретарот на Кабинетот работи според упатствата на претседателот на Собранието, а во поглед на функционирањето на кабинетот, постапува и според упатствата на секретарот на Собранието.

Член 20

Бирото на секретарот на Собранието ги врши стручните и другите работи од делокругот на секретарот на Собранието, а особено што се однесуваат на: подготвување и изработка на основната програма на Собранието и следење на нејзиното извршување, подготвување материјали и обезбедување други услови за одржување заеднички седници на сите собори на Собранието и на седници на Претседателството на Собранието, работи што се однесуваат на прием и доставување на нацрти и предлози на закони и други акти што, според Деловникот на Собранието, претседателот на Собранието ги доставува на соборите и на другите учесници во постапката за нивното донесување, објавување и чување на оригиналите на законите и другите акти на Собранието, стручните работи за Советот на работната заедница, организацијата и методот на работа на службите на Собранието.

Со Бирото на секретарот на Собранието раководи секретарот на Собранието.

Член 21

Службата за информации ги врши работите што се однесуваат на:

— информирањето на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации за прашањата што ќе се претресуваат на седниците на Собранието, соборите и нивните работни тела, со цел да им се овозможи по тие прашања благовремено да заземаат ставови и утврдуваат насоки за делегатите во Собранието, преку подготвување, уредување и организирање на издавање на публикации за работа на Собранието и други работи што се однесуваат на информирањето,

— информирањето на јавноста за работата на Собранието, соборите и нивните работни тела, остварувањето на правата и должностите на претставниците на средствата за јавно информирање во врска со известувањето на јавноста за работата на Собранието.

Службата за информации соработува со документационите центри во општините, во организациите на здружениот труд и во месните заедници што работат за информирањето на делегатите и на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките организации.

За извршувањето на работите Службата за информации соработува со соодветните служби во органите на федерацијата, социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини и општините, како и со стручни, научни и други организации.

Со Службата за информации раководи секретар на Службата.

Член 22

Службата за документација и библиотека врши работи што се однесуваат на: прибирање, обработување, чување, давање на користење и размена на информациони и документациони податоци и материјали, обработка и презентирање на информациите и податоците што содржат документациони материјали со цел за нивно користење, подготвување, уредување и издавање на стенографски белешки и други материјали од работата на Собранието, работите во врска со чувањето на документите и на нивниот фонд и нивното користење.

За извршување на работите Службата за документација и библиотека соработува со соодветните служби во органите на федерацијата, социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини и општините, како и со стручни, научни и други организации.

Со Службата за документација и библиотека раководи секретар на Службата.

Член 23

Службата за соработка со Собранието на СФРЈ врши особено:

— работи за потребите на делегацијата на Собранието во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ и на одделните членови на делегацијата што се однесуваат на вршењето на нивната функција,

— определени работи во врска со опслужувањето на делегатите во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ согласно со одредбите на Деловникот на Собранието,

— определени работи за потребите на членовите на Советот на федерацијата,

— определени работи што се однесуваат на соработката на Собранието со собранијата на другите социјалистички републики и на автономните покраини.

Со Службата раководи секретар на Службата.

Член 24

Службата за општи работи:

— го следи извршувањето на финансиските планови на Собранието,

— преку стручно аналитичко согледување предлага преземање на мерки за унапредување на економиката и ефикасноста во работењето на Службите на Собранието,

— врши финансиски, материјални и сметководни работи,

— врши: дактилографски и стенографски работи, озвучување и снимање, срамнување, печатење и умножување на материјали, преведување, лекторирање и редактирање, прием и испраќање на пошта и материјали,

— врши персонални работи, работи за превоз, радио, телеграфско-телефонски и телепринтерски работи, работи на одржувањето на зградата и инсталациите во неа, одржување на хигиената и чистотата во зградата,

— врши работи во врска со обезбедувањето и одржувањето на внатрешниот ред и противпожарната заштита во зградата на Собранието,

— врши други општи работи за потребите на делегатите, на Собранието, на соборите, на нивните работни тела и на Службите на Собранието.

Во Службата за општи работи може да се организираат одделни организациони единици.

Со Службата за општи работи раководи секретар на Службата.

Член 25

Работните тела на Собранието имаат секретар.

Секретарите на работните тела на Собранието ги определува секретарот на Собранието од редот на советниците и другите стручни работници во Службите на Собранието, по претходен договор со претседателот на работното тело.

Еден стручен работник може да биде определен за секретар на две или повеќе работни тела.

## IV. СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО

Член 26

Секретарот на Собранието раководи со Службите на Собранието, ја организира и усогласува работата на Службите во извршувањето на задачите и работите од член 2 на оваа одлука и се грижи за единствено функционирање и за унапредување на организацијата на работењето и внатрешните односи во Службите на Собранието.

Во извршувањето на задачите од претходниот став, секретарот на Собранието, особено:

— се грижи Службите на Собранието ажурно да ги регистрираат иницијативите, предлозите и сугестиите од изборната база во здружениот труд, месните заедници и од други органи и организации, како и за нивно навремено обработување и разгледување,

— се грижи за унапредување на програмирањето односно на планирањето на работата и ја усогласува работата на Службите во подготвувањето на програмите за работа на соборите и на работните тела на Собранието, како и на подготвувањето на плановите за работа,

— се грижи за соработка на Службите на Собранието со службите на други органи, на собранијата на другите општествено-политички заедници и со научни, стручни и други организации,

— се грижи за остварување на услови за работа на основните делегации и делегатите во вршењето на нивните функции во Собранието,

— ја усогласува работата на подготвување и утврдување на предлог за обезбедување средства за работа на Собранието и на Службите на Собранието и го следи извршувањето на пресметките на тие средства,

— се грижи за спроведување на прописите за внатрешниот ред во Собранието,

— обезбедува вршење на други работи за потребите на Собранието.

Член 27

Во поглед на меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и самоуправувањето во Службите на Собранието, секретарот на Собранието има право и должности на функционер кој раководи со републички орган на управата.

Член 28

Во вршењето на работите на усогласување на работата на службите, секретарот издава упатства за начинот на работа, за нејзиното извршување и за меѓусебните односи на службите во вршењето на тие работи.

Член 29

За проучување на одделни прашања, за изработка на нацрти или предлози на акти или за давање мислења односно предлози по одделни стручни прашања за потребите на Собранието, соборите и нивните работни тела, секретарот на Собранието се потпира на мислењата на групите од член 9 на оваа одлука, на стручните групи и колегиумот, а може да задолжува и одделни стручни работници за вршење на одделни работи, по претходно прибавено мислење од секретарите на соборите односно од раководителите на другите служби.

Член 30

Секретарот на Собранието има заменик.

Заменикот на секретарот ги врши работите од делокругот на секретарот на Собранието што ќе му ги довери секретарот и го заменува секретарот во случај на негова отсутност или спреченост.

Секретарот на Собранието има помошник кој му помага во вршењето на неговата функција во работите што ќе му ги определи тој и за тоа нему му одговараат.

Извршувањето на одделни работи од својата функција секретарот може да им доверува и на други стручни работници во Службите на Собранието.

## V. САМОУПРАВУВАЊЕ И МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 31

Работниците во Службите на Собранието ги остваруваат правата на самоуправување и другите права од меѓусебните односи на работниците во здружениот труд во согласност со општите прописи и со одредбите на оваа одлука.

Член 32

Работниците на Службите на Собранието сочинуваат една работна заедница.

Општите акти со кои се уредуваат внатрешните односи во Службите на Собранието се донесуваат во согласност со секретарот на Собранието, освен оние што според други прописи ги донесува работната заедница самостојно.

На актот за внатрешната организација и систематизација на работните места на Службите на Собранието согласност дава претседателот на Собранието по претходно мислење на Претседателството на Собранието.

Ако при донесувањето на општиот акт не се постигне согласност меѓу секретарот и работната заедница, конечна одлука донесува Административната комисија на Собранието.

Член 33

Прием на работници на работа во Службите на Собранието се врши врз основа на конкурс.

За приемот на работници што ги именува претседателот на Собранието конкурс не е задолжителен.

Член 34

За потребата од пополнување на слободните работни места во Службите на Собранието, освен за работници што ги именува претседателот на Собранието, одлучува Советот на работната заедница во согласност со секретарот на Собранието.

Решенијата за назначување и за престанок на работата на работниците од претходниот став ги донесува секретарот на Собранието.

Член 35

Средствата за работа на Службите на Собранието се обезбедуваат врз основа на задачите што произлегуваат од остварувањето на функцијата на Собранието, програмите и плановите за работа на Собранието, соборите и нивните работни тела и се утврдуваат во Републичкиот буџет во рамките на средствата за работа на Собранието.

Секретарот на Собранието е наредбодател за извршување на пресметката на Собранието.

Член 36

Личните доходи на работниците во Службите на Собранието се утврдуваат во согласност со начелата за распределба според трудот и резултатите од работењето и според основите и мерилата што се утврдени со општите акти за распределба на личните доходи согласно со општествените договори и самоуправните спогодби.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 37

Во договор со стручните служби на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, на Извршниот совет на Собранието и на други републички државни органи и на општественополитички организации, Службите на Собранието можат да вршат заеднички стручни и други работи.

Договорот од претходниот став го склучува секретарот на Собранието, во согласност со Претседателството на Собранието.

Член 38

Прописите за внатрешната организација и за систематизација на работните места и другите општи акти на работната заедница на Службите на Собранието ќе се усогласат со одредбите на оваа одлука најдоцна во рок од три месеци од денот на нејзиното влегување во сила.

Член 39

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање и делокругот на Службите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 20/71).

Член 40

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-3239
8 декември 1975 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**466.**

Врз основа на член 318, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, во врска со член 244 став 2, алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративка Република Југославија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 8 декември 1975 година, и на седницата на Собранието на Републичката заедница на образованието одржана на 4 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ВОСПИТУВАЊЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО НА ДЕЦАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ГРАЃАНИ НА ПРИВРЕМЕНА РАБОТА ВО СТРАНСТВО

I

Се усвојува Општествениот договор за воспитувањето и образованието на децата на југословенските граѓани на привремена работа во странство.

Се овластува Љупчо Копровски, член на Извршниот совет и републички секретар за образование и наука, во името на Социјалистичка Република Македонија, да го потпише договорот.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-3233
9 декември 1975 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Собранието на републичката заедница за образованието,
**Димче Левков,** с. р

**467.**

Врз основа на член 318, став 2 од Уставот на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 8 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РАЗВОЈ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКАТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ДО 1982 ГОДИНА

I

Се усвојува Општествениот договор за здружување на средства за развој на електроенергетиката во Социјалистичка Република Македонија за периодот до 1982 година.

II

Се овластува м-р Александар Донев, член на Извршниот совет и републички секретар за индустрија и трговија, во името на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, да го потпише Општествениот договор.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-3251
9 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

**469.**

Врз основа на член 318, став 2 од Уставот на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 8 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТНАТА МРЕЖА ОД IV РЕД ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1976 ДО 1980 ГОДИНА

I

Се усвојува Општествениот договор за изградба и реконструкција на патната мрежа од IV ред во Социјалистичка Република Македонија, за периодот од 1976 до 1980 година.

II

Се овластува Александар Варналиев, член на Извршниот совет и републички секретар за сообраќај и врски, во името на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, да го потпише Општествениот договор.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-3250
9 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

**468.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката за распределба на средствата за изградба и опремување на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката за 1975 година („Службен весник на СРМ" бр. 18/75, 25/75 и 31/75), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## ОДЛУКА
### ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗГРАДБА НА СПОМЕН-ДОМОВИ НА КУЛТУРАТА

I. Од средствата за нестопански објекти наменети за финансирање изградбата на спомен-домови на културата, во 1975 година, на Општината Куманово ѝ се доделуваат 860.000 динари.

II. Неискористените средства од претходната точка на оваа одлука се пренесуваат во наредната година.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-2351/1
2 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1074, страна 345, книга VIII е запишано следното: Покрај досегашните потписници Биноски Петар, в. д. директор, Јовановски Ристо, книговодител и Дуплик Бедуин, службеник, согласно со одлуката на собирот на работните луѓе бр. 228 од 16. IX. 1974 година, Електро-водоинсталатерската задруга „Бабуна" — Скопје ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат и новите потписници: Дацева Ленче и Иван Индов, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1350 од 13. XI. 1974 година. (372)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 857, страна 454, книга VII е запишано следното: На досегашниот потписник на Единицата за стопанисување со станбени згради — станови во Скопје на Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје Чкалески Илија, в. д. раководител, му престанува правото за потпишување со одлуката на Советот на работната заедница на Централата од одржаната седница на 28. IX. 1972 година, бр. 11385.

За в. д. директор на Единицата за стопанисување со станбени згради-станови во Скопје на Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје е назначен со одлуката на Советот на работната заедница 014/1 бр. 02-1615/31. I. 1973 година и број 11349, Благоја Мицевски, кој Единицата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 26. XII. 1972 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1116/72 од 31. I. 1973 година. (264)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 85, страна 729, книга I е запишана под фирма: „Нова слога" — Земјоделска задруга, село Лешок, Тетовско — Деловна единица, без својство на правно лице, во Тетово, улица „Зелен пазар". Предмет на работењето на деловната единица е трговска дејност со овошје, зеленчук и др.

Деловната единица е основана од Земјоделската задруга „Нова слога" — село Лешок, со одлуката на задружниот совет број 03-17 од 6. XII. 1972 година.

Раководител на деловната единица е Изети Рашида Енвер.

Деловната единица ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 425 од 10. V. 1973 год. (802)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег.бр. 85, страна 729, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Нова слога" од село Лешок — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Деликатесна продавница — пиљара во Тетово, ул. „Иво Рибар-Лола" бр. 134. Предмет на работењето на продавницата е продажба на деликатесни и земјоделски производи.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Нова слога", село Лешок со одлуката на задружниот совет од одржаната седница на 6. XII. 1972 година, број 03-17 од 8. I. 1973 година.

Раководител на продавницата е Цветковски Богдан.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 242 од 29. III. 1973 година. (568)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 85, страна 729, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Нова слога" село Лешок — Деловна единица — продавница без својство на правно лице во Тетово, ул. „Маршал Тито" бр. 71. Предмет на работењето на продавницата е промет со земјоделско-прехранбени стоки.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Нова слога" — село Лешок, Тетовско, со одлуката за задружниот совет број 03-386 од 30. V. 1973 година.

Раководител на продавницата е Николовски Крсто.

Деловната единица ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 975 од 9. XI. 1973 година. (1432)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 54, страна 215, е запишано следното: На досегашниот потписник на Земјоделската задруга „Влазним" од село Бојане, Скопско, Исмаил Асан, член на управниот одбор на задругата му престанува правото за потпишување со одлуката на задружниот совет број 02-143 од 25. II. 1975 година, бидејќи е разрешен од должност.

За нов потписник на задругата со горенаведената одлука број 02-143 од 25. II. 1975 година е назначен Демири Ашим, шеф на комерцијалната служба, кој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Селим Мецити, управник.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 210 од 27. II. 1975 година. (37)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1329, страна 214, книга VI е запишано следното: Дејноста на Градскиот трговски центар — Скопје, согласно со одлуката на деловниот одбор на центарот бр. 1812/7 од 9. VI. 1975 година се проширува и со:

— промет со автоделови на големо и мало;
— перење и подмачкување на коли;
— поправка на моторни возила и
— продажба на нафта и нафтени деривати.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 802 од 10. VII. 1975 година. (138)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 197, страна 374, книга II е запишано следното: На досегашниот директор на Градежно-занаетчиската услужно-станбена задруга „Станбена кооператива" — Скопје, Чадиковски Иван, му престанува овластувањето за застапување и потпишување, согласно со одлука на задружниот совет бр. 504 од 4. VI. 1975 година.

Овластувањето да ја потпишува задругата му престанува и на Михајловски Ристо, претседател на задружниот совет.

За в. д. директор се назначува Имеровски Раим, кој согласно цитираната одлука ќе ја застапува и потпишува задругата заедно со новоовластениот потписник Атанасовска Зора.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 887 од 7. VIII. 1975 година. (140)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 195, страна 435, книга II, е запишано следното: Согласно член 3 од одлуката на Собранието на општината Крива Паланка бр. 02-912/3 од 21. X. 1974 година престанува привремената управа од страна на Собранието над Рударското претпријатие за експлоатација и преработка на бентонитска глина „Бентомак" — Крива Паланка.

На потписниците на работната организација, Цоне Васе Стојановски, претседател и Стеван Илиевски, шеф на сметководството, им престанува овластувањето за потпишување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 160 од 24. II. 1975 година. (36)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1499, страна 73, книга VII е запишано следното: Согласно одлуката на Извршниот одбор на Планинарското друштво ПТТ Скопје од 26. II. 1975 година, Угостителската единица — Планинарски ПТТ дом „Водно" — Скопје се става под привремена управа за време од 1. III. 1975 година до 1. IX. 1975 година.

Привремениот одбор на управата го сочинуваат лицата: Стефановски Блаже, Илиевски Драган и Груевски Аспарух.

Угостителската единица — Планинарски ПТТ дом „Водно" ќе ја потпишува Стефановски Блаже, претседател на привремениот одбор.

Обврската пред банката е со еден потпис.

На досегашните потписници: Методиевски Љубе, управител, Боризовски Ангел и Ристовски Љубомир, книговодител, им престанува правото на потпишување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 358 од 24. III. 1975 година. (52)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1329, страна 214, книга VI е запишано следното: Согласно со одлуката бр. 1297/3 од 28. IV. 1974 година, предметот на работењето на Градскиот трговски центар — Скопје се проширува со следнава дејност: давање услуги на лична хигиена и медицинска козметика, подготвување и продажба на козметички препарати.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 280 од 7. IV. 1975 година. (66)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1635, страна 209, книга VIII е запишано следното: Привремениот извршен одбор на Работната организација за производство на полиестерско влакно „Полиестер" — Скопје, со одлуката на работничкиот совет на Здруженото претпријатие „Интекс" — Скопје, број 04-1364/6 од 25. III. 1974 година се разрешува.

За генерален директор на Работната организација за производство на полиестерско влакно „Полиестер" — Скопје со горенаведената одлука е назначен Аврамчев Костадин, кој во иднина истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

На досегашните потписници и тоа: Гаврилски Трајан и Туџаров Васил им престанува правото за потпишување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 479 од 17. V. 1974 г. (177)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 673, страна 971, книга II е запишана под фирма: Деловно здружение „Македонски ракотворби" експорт импорт — Скопје — Деловна единица — Продавница во Скопје, ул. „Партизански одреди број 125. Предмет на работењето на продавницата е промет, на мало, на текстилни производи и домашни ракотворби.

Продавницата е основана од советот на Работната заедница на Деловното здружение „Македонски ракотворби" — увоз-извоз — Скопје со одлуката број 03-1327 од 15. IV. 1974 година.

Раководител на продавницата е Поповски Владимир.

Деловната единица — продавница ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Владимир Поповски, кој е овластен за прием на стока и потпишување на документацијата.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 651 од 5. VI. 1974 година. (195)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите рег. бр. 100, страна 571, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Набавно-продажната задруга „Нова Лирија" — Куманово и тоа: Исени Исен, директор и Салија Нуредини, комерцијалист, со одлуката на задружниот совет од одржаната седница број 112 од 1. VI. 1974 година им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За директор на Набавно-продажната задруга „Нова Лирија" — Куманово со решението број 107/1 од 28. V. 1974 година на задружниот совет е назначен Драгутин Трајковски, кој во иднина истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 755 од 24. VI. 1974 година. (209)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 295, страна 473, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник на Работничката менза во Скопје (со посебна жиро сметка) на Градското сообраќајно претпријатие — Скопје Нове Тодоровски, раководител на општиот сектор, му престанува правото за потпишување со одлуката на работничкиот совет број 02-2860/2 од 4. VI. 1974 година, поради одење во пензија.

За нов потписник на Работничката менза во Скопје (со посебна жиро сметка) на Градското сообраќајно претпријатие — Скопје, со горенаведената одлука е назначен Стојковски инженер Спасе, технички директор, кој истата во иднина ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 4. VI. 1974 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 705 од 7. VI. 1974 година.

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 666, страна 209, книга VII е запишано следното: Индустријата за чевли и гумени производи „Газела" — Скопје, согласно со решението на Собранието на град Скопје број 13820 од 21. VI. 1973 година се става под привремена управа, која ќе трае една година.

За членови на одборот на привремената управа се именувани со решението на Собранието на град Скопје број 13820 од 21, VI. 1973 година следните лица: Блажо Крчински, одборник на Собранието на град Скопје; Александар Зотиќ, директор на Фабриката за кожи „Гоце Делчев"; и Владо Денков, на работа во Стопанската банка — филијала — Скопје, претставник на Индустријата за чевли и гумени производи „Газела" — Скопје.

За претседател на Одборот на привремената управа е назначен Александар Зотиќ, кај Индустријата за чевли и гумени производи „Газела" — Скопје — под привремена управа ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува со членовите на истиот Блажо Крчински и Владо Денков.

Обврската пред банката е со два потписа.

На досегашниот потписник инженер Благоја Јанковски, директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 808/73 од 25. II. 1974 година. (107)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 4, страна 353, книга V е запишано следното: Кон „Младост" — претпријатие за бањи, перење, пеглање и хемиско чистење — Скопје, согласно одлуката на Работната заедница на „26 јули" — сервис за хемиско чистење и пеглање алишта — Скопје, од одржаната седница на 20. XII. 1973 година, број 354 од 24. XII. 1973 година, извод од записникот број 02-354/73 и записникот од одржаната седница на 20. XII. 1973 година, како и одлуката на „Младост" — претпријатие за бањи, перење, пеглање и хемиско чистење — Скопје, број 0301-165 од 25. XII. 1973 год. се присоединува Претпријатието за хемиско чистење на алишта и бојадисување „26 јули" — Скопје.

Во регистарот на организациите на здружен труд на рег. бр. 879, страна 99, книга IV е запишано следното: Се брише од регистарот на организациите на здружен труд Претпријатието за хемиско чистење на алишта и бојадисување „26 јули" — Скопје, бидејќи се присоединува кон „Младост" — претпријатие за бањи, перење, пеглање и хемиско чистење — Скопје, согласно горенаведените одлуки и записници.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 2126/73 од 25. II. 1974 година.

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 327, страна 303, книга II е запишано следното: Фирмата на Продавницата во Куманово, плоштад „Маршал Тито" број 17, на Занаетчиското претпријатие „Победа" — Пирот, согласно со одлуката на собирот на работните луѓе од одржаната седница на 2. X. 1973 година во иднина се менува и гласи: Работна организација „Победа" — Пирот — Трговинска продавница број 7 во Куманово, плоштад „Маршал Тито" број 17.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1475/73 од 28. II. 1974 година. (117)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 21. I. 1974 година, рег. бр. 14/70 е запишано следното: Колекциониот овошен насад арборетрум „Андреа Зограф", Ресен, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го води овој суд, поради присоединување кон Училишниот центар за земјоделски стручни кадри „Јосиф Јосифовски — Свештарот" — Ресен.

Оваа промена е извршена врз основа на спогодбата помеѓу Колекциониот овошен насад арборетрум — „Андреа Зограф" — Ресен и Училишниот центар за земјоделски стручни кадри „Јосиф Јосифовски — Свештарот" — Ресен на ден 15. XII. 1973 год.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 290/74. (342)

# КОНКУРСИ

Стручната комисија на инвеститорот при
ШУМСКО-ИНДУСТРИСКИОТ КОМБИНАТ
„ЈЕЛАК“ — ТЕТОВО

Врз основа на Одлуката бр. 02-5024 од 6. 12. 1975 година на Советот, а во врска со член 61 став 1 од Законот на изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 35/73) и чл. 2 точка 4 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 24/74)

распишува

## КОНКУРС

ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА РАБОТА-ИЗГРАДБА НА МАГАЗИН ЗА МЕБЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И ГРАДЕЖНА СТОЛАРИЈА НА ООЗТ ПОГОН СТОЛАРИЈА И МЕБЕЛИ ВО СОСТАВ НА ШИК „ЈЕЛАК“ ТЕТОВО, ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Градење на магазин за мебелни производи и градежна столарија со површина околу 1.400 м². (50 x 28):

1. Конструкција шедоска-челична со бетонски столбови,

2. Идеен проект е изработен,

3. Ориентационата вредност на работите изнесува 1.700.000,00.

4. Рок за отпочнување на работите е 15. II. 1976 год.,

5. Рок за завршување на работите изнесува 5 месеци од денот на склучувањето на договорот,

6. Рок за поднесување на понуди изнесува 30 дена од денот на објавувањето на конкурсот во „Службен весник на СРМ“.

7. Јавното наддавање ќе се изврши во просториите на ШИК „Јелак“ — Тетово, ул. „М. Тито“ бр. 128 во 12 часот на ден 2. II. 1976 год.

8. Право на учество на јавното наддавање имаат организациите на здружениот труд, како е одредено со чл. 55 од Законот за изградба на инвестициони објекти и чл. 7 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти.

9. Во текот на траењето на конкурсот, заинтересираните организации на здружениот труд можат поблиски информации и податоци да добијат во ШИК „Јелак“ — Тетово, како и да извршат увид на местото на градењето.

Понудувачите ќе бидат известени за резултатите од јавното наддавање во рокот што е со закон одреден.

Понудите треба да се испраќаат на адреса: ШИК „Јелак“ Тетово, Стручна комисија за изградба на магазин.

Конкурсната комисија на „Прогрес“ Радовиш

распишува

## КОНКУРС

за пополнување на следните работни места:

1. Директор на работната организација,
2. Финансиски раководител,
3. Раководител на ООЗТ „Градежништво“,
4. Раководител на ООЗТ „Комуналии“.

Кандидатите покрај општите услови за вработување треба да ги исполнуваат и следните посебни услови, и тоа:

Кандидатите под точка 1 треба да имаат завршено правен, економски или градежен факултет со работно искуство од 4 години или виша економска школа со работно искуство од 6 години.

Кандидатите од точка 2 треба да имаат завршено виша економска школа со работно искуство од 4 години или средно економско училиште со работно искуство од 8 години.

Кандидатите под точка 3 треба да имаат завршено виша техничка школа (градежен отсек) со работно искуство од 2 години или средно градежно училиште со работно искуство од 4 години.

Кандидатите под точка 4 треба да имаат завршено средно градежно училиште со работно искуство од 4 години или ВКВ работник со работно искуство од 12 години.

Со пријавите за конкурирање кандидатите да достават диплома за завршено образование, уверение да не се осудувани за кривични дела и уверение да не се под истрага.

Пријавите неблаговремено нема да се разгледуваат.

Конкурсот трае 15 дена сметано од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

## СОДРЖИНА

Страна

463. Закон за правата и обврските од трудот и по основ на трудот на работните луѓе кои на посебен начин го здружуваат трудот со работниците во организацијата на здружениот труд и со работниците на работа кај работните луѓе што вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓаните — — — — — 809

464. Закон за филмот (пречистен текст) — — 812

465. Одлука за организацијата и делокругот на стручните служби на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — 816

466. Одлука за усвојување на Општествениот договор за воспитувањето и образованието на децата на југословенските граѓани на привремена работа во странство 820

467. Одлука за усвојување на Општествениот договор за здружување на средства за развој на електроенергетиката на Социјалистичка Република Македонија за периодот до 1982 година — — — — — — 820

468. Одлука за усвојување на Општествениот договор за изградба и реконструкција на патната мрежа од IV ред во Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1976 до 1980 година — — — — — 821

469. Одлука за распределба на средствата наменети за изградба на спомен-домови на културата — — — — — — — — 821

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**